*ПАТРИМОНИУМ.МК, година 9, број 14 / 2016*
УДК: 930.85:7.025(497.7)

Душан ПЕЈЧЕВ, Никос ЧАУСИДИС

# РЕСТАВРАЦИЈА ИЛИ РЕКОНСТРУКЦИЈА – ПРАШАЊА И ДИЛЕМИ ОКОЛУ ДИСТИНКЦИЈАТА НА ДВАТА ТЕРМИНИ

**Клучни зборови**: *реставрација; реконструкција; конзервација; теорија на заштитата на културното наследство; терминологија на заштитата на културното наследство; методологија на заштитата на културното наследство*

**Апстракт**: *Трудот се занимава со дистинкцијата помеѓу поимите реставрација и реконструкција како термини со кои се означуваат одредени постапки, третмани т.е. интервенции во сферите на заштитата на културното наследство. Истражувањето започнува со анализата на значењето на латинските лексеми врз кои се базираат овие термини (reconstructio, restauratio). Како примери на различното разбирање на овие поими во стручната литература се посочуваат извадоци од трудовите на неколку автори. Предлозите за решение на овој проблем се разработуваат преку повеќе хипотетични модели т.е. ситуации илустрирани со конкретни примери, а пак дилемите – преку четири прашања и обиди за одговори на нив во кои се вклучени суштествените компоненти на двата посочени термини.*

Методите и техниките на заштита на културното наследство денес доживуваат сé побрз и посуштествен развој. Но, наспроти тоа, сé уште не се јасно определени некои од базичните принципи и поими во оваа сфера. Таков е случајот со дефинирањето на поимите *реставрација* и *реконструкција* и дистинкцијата меѓу нивното значење. Потребата за попрецизно терминолошко поткрепување на практичната работа, нé наведе кон одредени размислувања околу тоа, кога одредена дејност може да се нарече реставрација, а во кои случаи реконструкција.

Најпрво проблемот би можел да се согледа од лингвистички аспект односно на ниво на семантиката на посочените поими. Спoредбите на двата термини покажуваат одредено нивно заемно преклопување.

Терминот **реконструкција** се базира на латинските лексеми *reconstruo, reconstruere, reconstructio*, кои се всушност дериват на *construo, constructio*. Заедно со префиксот *re-* во матичниот јазик тие значат *повторно собирање, повторно натрупување, повторно составување, повторно воспоставување, повторно уредување, создавање од ново, обновување, повторно подигнување, преѕидување.*[1]

Оттука, како стручен термин во сферите на заштитата на културното наследство, термините *реконструкција*, *реконструира* најчесто ги означуваат постапките на враќање на еден објект од минатото во неговата некогашна состојба врз основа на деловите т.е. фрагментите од него кои се достапни, но и врз основа на зачувани планови и други нацрти на објектот, запишани описи или разни научни согледувања. Според тоа, *реконструира* најчесто значи повторно гради, повторно ѕида преградува, обновува.

Терминот **реставрација** исто така произлегува од латинскиот јазик. Овојпат тоа се *restauro, restaurare, restauratio* во значење на *востановување, повторно воспоставување, обновување, поправка.*[2]

Како стручен поим во споменатите сфери терминот *реставрација*, значи повторно воспоставува, повторно подига, обновува, поправа, освежува некој објект со статус на културно наследство.

Чезаре Бранди во своето дело „Теорија за реставрацијата" го вели следното: „*Обично под реставрација се подразбира било која интервенција насочена кон враќање на функцијата на некој производ на човечката активност*".[3] Во посоченото дело тој, во рамките на концептот на реставрацијата, разликува два принципа: „*... реставра-*

[1] Вујаклија 1961, 817.

[2] Вујаклија 1961, 829.

[3] *„Обично се под рестаурацијом подразумева било која интервенција усмерена на враћање функције неком производу људске активности."* (Бранди 2007, 35).

*цијата претставува методолошки момент во кој уметничкото дело е препознаено, во својата физичка конзистентност, во својот двоен естетски и историски поларитет, имајќи го во предвид неговото пренесување во иднината.*[4]

Еве како тој го определува вториот принцип на реставрацијата*: „... реставрацијата треба да тежнее кон повторно воспоставување на потенцијалното единство на уметничкото дело, само доколку тоа е возможно без создавање уметнички или историски фалсификати и без поништување на секаква трага на поминувањето на уметничкото дело низ времето".*[5]

За реконструкцијата пак Ч. Бранди го вели следното: „*Реконструкцијата, напротив, тежнее повторно да го обликува делото, да интервенира во креативниот процес на начин сличен на оној како што се одвивал оригиналниот креативен процес, претопувајќи ги старото и новото така што повеќе нема да можат да се разликуваат, поништувајќи или сведувајќи го на минимум временскиот интервал кој раздвојува два момента на активности".* [6]

Јован Пантиќ, пак, во својата книга „Конзервација и реставрација на слика на платно", реставрацијата како поим најпрво ја поставува во поопшта димензија, давајќи потоа и едно поконкретно објаснување на овој поим. Во рамките на првиот контекст тој вели: *„Општиот поим реставрација подразбира процес на продолжување на трајноста и зачуваноста на делото. Притоа секако се подразбира враќањето на нарушениот интегритет на оштетеното дело и зачувувањето на авторскиот изглед и концепт".*[7]

Подолу Пантиќ станува попрецизен во своето дефинирање на реставрацијата, па во тој контекст пишува: *„Реставрација значи воспоставување на оштетените делови со помош на препознатливи додатоци или потполно интегрирани, кои го надополнуваат делото и му го враќаат нарушениот оригинален изглед".*[8]

Инаку, на реконструкцијата тој гледа како на процес кој се изведува во рамките на самата реставрација (во неговиот случај конкретно на сликите), па затоа третирањата на изгубените делови од оштетената подлога на сликата (грундот на сликата) тој ги претставува како реконструкција на боениот слој. Според него: *„Методите на реконструкција на оштетувањата на кои подлогата недостасува заедно со горните боени и заштитни слоеви во голема мера зависи од природата на оштетувањето и од сликарската технологија. Реконструкциите имаат за цел со новата подлога да ја имитираат и повторно да ги моделираат деловите на подлогата и на боените слоеви кои недостасуваат, особено на местата каде што има боени пасти".*[9]

Гледиштата на Сњешка Кнежевиќ околу ова прашање можат да се заокружат преку следните подолу цитирани пасуси:

*„Најопшто, реконструкцијата е процес на повторно воспоставување на нешто што повеќе или помалку не постои или на нешто непознато, на пример загубен дел од музика, литература и ликовни уметности. Не ја обележува само постапката, туку и резултатот. Во реконструкцијата е најважно да се потпреме на зачуваните фрагменти, изворите или барем на индициите. Но, без разлика на количеството и квалитетот на документацијата, реконструкцијата секогаш има хипотетичен карактер. Во ниедно подрачје на културата нема толку реконструкции како во архитектурата. Меѓутоа – треба да се каже – тие секогаш предизвикуваат критики и оспорувања."*[10]

---

[4] *„... рестаурација представља методолошки тренутак у коме је уметничко дело препознато, у својој физичкој конзистентности и свом двоструком естетском и историјском поларитету, имајући у виду његово преношење у будућност."* (Бранди 2007, 37).

[5] *„рестаурација треба да тежи ка поновном успостављању потенцијалног јединства уметничког дела, само уколико је то могуће без чињења уметничких или историјских фалсификата и без поништавања сваког трага проласка уметничког дела кроз време."* (Бранди 2007, 39).

[6] *„Реконструкција, напротив, тежи да поново обликује дело, интервенише у креативном процесу на начин сличан ономе како се одвија оригинални креативни процес, стапајући старо и ново тако да не могу више да се разликују, поништавајући или сводећи на минимум временски интервал који раздваја два тренутка активности."* (Бранди 2007, 59).

[7] *„Општи појам рестаурације подразумева процесе продужавања трајности и очуваности дела. При том се свакако подразумева враћање нарушеног интегритета оштећеном делу и очување ауторског изгледа и концепта."* (Пантић 2008, 63).

[8] *„Рестаурација значи васпостављање оштећених делова помоћу препознатљивих додатака, или потпуно интегрисаних, који употпуњују дело и враћају му нарушени оригинални изглед."* (Пантић 2008, 63).

[9] *„Методе реконструкције оштећења на којима подлога недостаје са горњим бојеним и заштитним слојевима у великој мери зависи од природе оштећења и сликарске технологије. Реконструкције имају за циљ да новом подлогом имитирају и поново моделују недостајуће делове и подлоге и бојених слојева, поготову на местима бојених паста."* (Пантић 2008, 75).

[10] *„Najopćenitije, rekonstrukcija je proces nanovnog*




*Сл. 1. Толос во Делфи, Грција. 380 – 360 г. пред н.е. состојба по делумната реконструкција/реставрација. Archaeological Site of Delphi // Greek travel pages <http://www.gtp.gr/TDirectoryDetails.asp?ID=14630> (19.10.2016)*

*„Каква е разликата меѓу реконструкција и реставрација? Тоа е прашање со кое и модерната заштита на споменици во Европа се занимава од самиот почеток. Реставрацијата, имено, не се појавува само како важна практична дисциплина, туку станува и трајна тема на теоретските спекулации и расправи кои непрестано се движат помеѓу природнонаучните, технолошките и духовноисториските проблеми, односно, помеѓу историскоуметничките, филозофските и естетски спознавања, барајќи синтеза од различни искуства и можности.“*[11]

*Реставрацијата е секогаш и интерпретација. Дури и внимателното чистење задира во историчноста на објектот. Секој реставраторски зафат нé присилува да се определиме за една одредена патека на интерпретација“.*[12]

Да земеме за пример дека еден културен објект има одредени оштетувања и постои потреба тој да биде вратен во својата некогашна состојба која би соодветствувала на некоја подоцнежна фаза од неговата егзистенција. Да претпоставиме дека се разурнати столбовите на некоја градба, додека другите градежни елементи од кои била изградена се сè уште во добра состојба, меѓутоа се изва-

---

*uspostavljanja nečega što više ili manje više ne postoji ili nečeg nepoznatnog, primjerice, izgubljenog djela muzike, literature i likovne umjetnosti. Ne obilježava samo postupak, nego i rezultat. U rekonstrukciji je najvažnije osloniti se na očuvane fragmente, izvore ili barem indicije. No, bez obzira na količinu i kvalitetu dokumentacije, rekonstrukcija uvijek ima hipotetički karakter. Ni na kojem području kulture nema toliko rekonstrukcija kao u arhitekturi. Ali – to treba reći – one uvijek izazivaju kritike i osporavanja.”* (Knežević 2015).

[11] *Kakva je razlika između rekonstrukcije i restauracije? To je pitanje kojim se moderna zaštita spomenika u Europi bavi od samog početka. Restauracija se, naime, ne javlja samo kao važna praktična disciplina, nego postaje trajnom temom teorijskih spekulacija i rasprava, koje se neprestano kreću između prirodnoznanstvenih, tehnoloških i duhovnopovijesnih problema, odnosno, između povijesnoumjetničkih, filozofijskih i estetičkih spoznaja, težeći sintezi raznovrsnih iskustava i mogućnosti.* (Knežević 2015).

[12] *“Restauracija je uvijek i interpretacija. Već i oprezno čišćenje zadire u povijesnost objekta. Svaki restauratorski zahvat prisiljava da se opredijelimo za određeni put interpretacije.”* (Knežević 2015).

дени од неа и депонирани покрај самиот објект. Доколку ја примениме постапката *анастилоза*, (ст. грчки *исправање на столбовите*) која ќе биде во најголем дел во согласност со принципите на автентичноста, и ги вратиме овие елементи на соодветното место, тогаш се поставува прашањето *дали во тој случај нашата постапка треба да се нарече* ***реконструкција*** *или* ***реставрација****?*

Разните дефиниции на стручниот термин **реставрација** се движат околу следниве значења: *постапка преку која објектот се враќа во својата некогашна автентична состојба, што подразбира враќање на неговата форма, изглед и својства во примарниот статус т.е. состојбата во која објектот се наоѓал откако бил завршен процесот на неговото производство, или пак во некоја подоцнежна фаза од неговата егзистенција* (пример Сл. 1). Според овие дефиниции е евидентно дека во опишаната хипотетична ситуација е изведена **реставрација**. Меѓутоа земајќи предвид дека со самото оштетување на градбата е нарушена нејзината *конструкција*, односно таа во определен обем била *деконструирана* враќањето, односно повторното интегрирање на неговите градежни елементи, претставува воедно и *враќање т.е. повторно воспоставување на нејзината конструкција* односно нејзино **реконструирање**.

Според тоа, се чини би можеле да се согласиме со ставот дека *за да може еден објект да се* ***реконструира****, тој пред тоа мора да е* ***деконструиран*** *т.е. да се наоѓа во* ***состојба на деконструираност***. Причина за таквата состојба можат да бидат природни околности (елементарни непогоди, деструкции предизвикани од „забот на времето") и човечки деструктивни дејствија (воени дејствија, вандализам, реадаптација, користење на стариот материјал за други потреби). Денес, деконструирањето може да е изведено и во рамки на постапките за заштита на културното наследство (демонтажа, дислокација).

Бернард Фелден во книгата „Вовед во конзервација на културно наследство" вели: *„Реконструкцијата на историските згради и историските средини е неопходна по природните катастрофи, како поплави, земјотреси, пожари или воени дејствија. Но реконструкциите изведени со нов материјал не можат да ја имаат патината на времето".*[13] При тоа, како процес на **реконструкција** тој го третира и *преместувањето на цели згради од една на друга локација* за што како пример го посочува комплексот на храмот во Абу Сибел во Египет, кој е дислоциран поради градењето на големата Асуанска брана, со што всушност тој бил спасен од потопување.

Сметаме дека **реконструкцијата** не може да се определи како единствен универзално дефиниран **термин** и **категорија на постапки**, кои би се однесувале во рамките на сите сфери на културното наследство и сите постапки во процесот на негово зачувување. Тоа е условено од различната конституција (анатомија) на објектите и другите дела кои партиципираат во секоја од овие сфери, на пример: уметничка слика, зграда, кочија, брод, керамички сад или танц, обред или музичко дело.

**ПРАШАЊА**

1. *Дали детерминирањето на еден процес како* ***реконструкција*** *или* ***реставрација*** *зависи од степенот на оштетеност на објектот на кој се работи?*

Штета претставува повреда на еден предмет предизвикана од одреден фактор којашто влијае на намалувањето на неговата вредност и функции односно употребливост.

Еден материјален објект со карактер на културно наследство може да има мали оштетувања кои не ја нарушуваат во позначителна мера неговата целовитост. Тие изискуваат помали интервенции со цел заокружување на некогашниот изглед, форма и функција на тој предмет, како на пример пломбирање, фугирање, пополнување на пукнатините, фиксирање на површината со заштитни премази и др. Во овие случаи наведените постапки обично не се дефинираат како **реконструкција** туку како **реставрација** бидејќи објектот се враќа во некоја од автентичните фази на неговата егзистенција *без притоа да се интервенира во неговата конструкција*.

Во други случаи оштетувањето на објектот може да има размери на **дезинтегрирање** проследено со потполно губење на некои сегменти и со тоа неможност за согледување на неговата примарна форма, изглед и конструкција. Да претпоставиме дека ваквата состојба трае значителен период при што се губат информациите за неговиот автентичен изглед. *Дали во еден таков случај третманот чијашто цел е враќање на можноста за перцепција на тој објект како целина само преку неговите зачувани автентични делови, може да се нарече реконструкција?.*

Како пример би зеле скулптура, прилично искршена, со делови кои недостасуваат поради што еден музејски посетител воопшто не би можел да ја согледа како целина. Доловувањето на нејзината целовитост може да се постигне со спојување на зачуваните делови при што нивното место во

13 Фелден 2004, 31.



*Сл. 2. Скулптури од тимпанонот на Зевсовиот храм во Олимпија, Грција, втора четвртина на 5. век пред н.е., состојба по делумната реставрација/реконструкција. 3 Cool Things You Might Not Know About the Pedimental Sculptures from the Temple of Zeus at Olympia // Artsnap <http://artsnap.org/temple-of-zeus-at-olympia/> (19.10.2016)*

таа целина може да се сугерира со фиксирање на држачи од метал или плексиглас: поставување на одреден дел (на пр. дланка) во изворната положба и сооднос со останатите фрагменти (рамо и надлактица, но во отсуство на подлактицата).

*Дали оваа постапка можеме да ја наречеме реконструкција?*

Да потенцираме дека тука постоечките фрагменти само се конзервираат и поставуваат во својата автентична позиција, при што нема никакво реставрирање ниту пак повторно моделирање и враќање на загубените делови. На ваков начин се третирани бројни фрагментарно зачувани антички скулптури како на пример длабоките релјефни композиции од тимпаноните на Зевсовиот храм од Олимпија (Сл. 2) или скулптурните композиции од пештерата Сперлонга (Сл. 3).

2. *Дали детерминирањето на процесот како реконструкција или реставрација зависи од компонентата (елементот) кој е оштетен?*

Ова прашање ги тангира оние музејски предмети чијашто структура е повеќеслојна. Најчесто тоа се уметнички предмети кај кои носител на содржината е одредена **површина** која лежи на некаква **конструкција** т.е. **конструирана подлога** (на пр. слика на платно или икона насликана на дрвена подлога). Во оваа категорија можат да се вбројат и архитектонските објекти и оние предмети кои се составени од повеќе делови, споени во една целина (на пр. бродови, кочии, иконостаси, мебел).

Пример: Ако дошло до кршење на блинд-рамката на една слика работена во техниката *масло на платно* и не постои можност таа да се оспособи и да се врати во својата изворна состојба и функција, а при зафатот се заменети две оштетени летви, дали во тој случај ќе се рече дека **блинд-рамката е реконструирана**? Тука се работи конкретно за оштетување на одредена конструкција која е во состав на предметот, а како последица на тоа се јавува девијација на платното, па со тоа и аберација на сликата како целина. Во овој случај имаме амбивалентна ситуација со тоа што при **повторното воспоставување на конструкцијата на сликата**, е извршена **реконструкција на блинд рамката**, т.е. во глобална смисла **и реконструкција на платното, односно носачот**. Но, притоа, и она што е насликано на него е исто така вратено во некоја од претходните фази на егзистенција, што значи дека е извршена и реставрација на сликата (пример: Сл. 4 - 6). Сметаме дека во овие случаи **реконструкцијата претставува потточка на реставрацијата.**

Во случаи кога оштетувањето е со толку висок степен што бара потполна промена на конструк-




*Сл. 3. Скулптурна композиција „Борба на дружината на Одисеј со Сцила“, Сперлонга, Италија, 1. век пред н.е. – 1. век н.е. The Scylla group, Sperlonga (15616800897).jpg // Wikimedia Commons, the free media repository <https://commons.wikimedia.org/wiki/File:The_Scylla_group,_Sperlonga_(15616800897).jpg> (19.10.2016)*

цијата, се презема замена на старата блинд-рамка со нова, поради тоа што проценките покажуваат дека на тој начин ќе се овозможи сигурно и трајно опстојување на автентичната состојба на сликата. Иако во овој случај се работи за реконструкција на конструкцијата на сликата т.е. нејзиниот носач (платното), всушност се работи за внесување на **нова конструкција** која нема ништо заедничко со автентичната, освен нејзиниот габарит т.е. димензиите. Некогаш, при изработката на новата блинд-рамка, во име на автентичноста се тежнее кон почитување не само на нејзините автентични димензии, туку и на автентичните материјали (вид на дрвото, туткал ...) и автентична технологија на нивна обработка. Како пример може да се наведе и мозаичната икона на Богородица Одигитрија од манастирот Хиландар чиј мозаичен слој при конзервацијата т.е. реставрацијата е пренесен на сосема нова дрвена подлога (Сл.7).

Меѓутоа, навраќајќи се повторно на Јован Пантиќ и неговата книга „Конзервација и реставрација на слика на платно“ може да забележиме дека, како компоненти врз кои може да се изврши реконструкција тој ги вбројува подлогата (грундот) и боениот слој кои, според наше мислење, **не припаѓаат на конструкцијата на сликата**. Го наведуваме уште еднаш горе цитираниот пасус: *„Методите на реконструкција на оштетувањата на кои подлогата недостасува заедно со горните боени и заштитни слоеви во голема мера зависи од природата на оштетувањето и од сликарската технологија. Реконструкциите имаат за цел со новата подлога да ја имитираат и повторно да ги моделираат деловите на подлогата и на боените слоеви кои недостасуваат, особено на местата каде што има боени пасти.“*[14] Соодветно тој го третира и ретушот, дефинирајќи го како реконструкција на оштетувањата на боените слоеви: *„Реконструкцијата на оштетените боени слоеви има за цел да ги интегрира во потполност оштетувањата кај сликите на платно.“*[15] *„Реконструирањето на загубените форми е метод на изведување на ретушот кај слика со голем степен на оштетување, кадешто е потребно делумно или потполно реконструирање на загубената форма. Притоа како предлошка се користат други слични дела на авторот, копии, гравури, репродукции, фотографии и сл.“.*[16]

---

[14] Пантић 2008, 75 (види фуснота 9).

[15] *„Реконструкције оштећења бојених слојева има за циљ да интегрише у потпуности оштећења код слика на платну.“* (Пантић 2008, 76).

[16] “***Реконструисање изгубљене форме*** *је метода извођења ретуша код слика са великим степеном оштећења, где је потребно делимично, или потпуно реконструисати изгубљену форму. При томе се као*



*Сл. 4, 5. Состојбата на сликата по извлекувањето од рушевините на Националната Палата во Хаити (каде што била изложена) по земјотресот во Хаити во 2010 г. Photo Analysis. The Rescue of Serment des Ancêtres (Posted on March 4, 2012) // Le Serment des Ancêtres <https://lesermentdesancetres.wordpress.com/page/4/#jp-carousel-65> (23.10.2016)*



*Сл. 4 – 6. Guillaume Guillon-Lethière, „Заклетвата на предците“, масло на платно, 1822 г., Националната Палата, Хаити.*



*Сл. 6. Сликата изложена во просториите на Лувр по реставрација/реконструкција на подлогата и блинд-рамката изведена во лабораториите на музејот Лувр (ноември 2011 г.) Le Louvre invite Jean-Marie G. Le Clésio, Les musées sont des mondes <http://mini-site.louvre.fr/trimestriel/2011/3/index.html#/28> (23.10.2016)*

3. *Дали реконструкцијата може да се дефинира како* ***реставрација на конструкцијата****?*

Ова прашање се надоврзува на претходното и дополнително го разработува проблемот на употреба на поимот реконструкција како зависен (процес кој претставува еден вид потточка на реставрацијата) или независен процес, којшто значи третирање на еден одреден дел при повторното воспоставување на предметите. Сега може да кажеме дека одговорот е потврден, кај оние случаи кадешто конструкцијата претставува посебен сегмент на објектот. Тука се вбројуваат сликите, архитектонските објекти, мозаиците итн.

Условеноста на компонентата којашто во рамките на објектот е оштетена нужно повлекува, разлачување на третираниот објект на неколку слоеви.

- Технички слој, односно инфраконструкција.

- Материјално репрезентативен слој како манифестирачки елемент кој го претставува суштествениот аспект на делото (на пример **обликот** кај градбата и скулптурата, **сликата** прикажана на неговата површина. Тоа може да биде и некој друг медиум (на пример натпис) кој е носител на неговото идејно ниво, а во овој случај може да се третира како засебен сегмент издвоен од неговата целовитост.

---

предлошци *користе друга слична дела аутора, копије, гравире, репродукције, фотографије и сл.”* (Пантић 2008, 79).

Земајќи го ова предвид може да се каже дека преку третманот врз инфраконструкцијата, всушност се врши **реставрација на конструкцијата**. При враќањето на овој слој во некоја од неговите претходни фази имаме буквална материјализација на поимите *реставрирање на конструкцијата*. Инаку, оштетувањата на овој слој честопати знаат да се манифестираат и на преостанатиот слој на предметот.

Кај некои архитектонски објекти затекнатата состојба честопати не одговара на денешните безбедносни прописи, поради што изискува усовршување на неговата конструкција, а во одредени сегменти и нејзино дополнување или замена со сосема нова конструкција. Понекогаш тоа значи вметнување (имплантирање) на дополнителни елементи што не се дел од автентичниот објект, со цел зголемување на неговата стабилност, цврстина и издржливост, особено при спојувањето или консолидирањето на оштетените градби. Кај сликите и мозаиците исто така постојат серија на оштетувања кои бараат реставраторски зафати со цел да се подобри нивната цврстина, издржливост, а со тоа и нивната безбедност.

Со зафатите кои се вршат врз материјално-репрезентативниот (т.е. идејниот) слој на едно уметничко дело (како што е, на пример, ретушот) всушност се изведува негова реставрација што, во одредени случаи, подразбира и дејство врз материјалот којшто функционира како носач на тој слој. Во овој случај, враќањето на репрезентативноста на делото изискува и негова реконструкција.



*Сл. 7. Богородица Одигитрија, мозаична икона, 13. век, манастир Хиландар, Света Гора, состојба по пренесувањето на мозаичниот слој врз нов дрвен носач. Манастир Хиландар // Википедија, слободна енциклопедија https://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%9C%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%80_%D0%A5%D0%B8%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80#/media/File:Bogorodica_odigitrija_mozaicka.jpg (19.10.2016)*

4. *Дали детерминирањето на постапката како реконструкција или реставрација зависи од целосното губење на примарната употребна функција на дадениот предмет (доколку ја има)?*

Ова е делумно условено и од степенот на оштетеноста. Со враќањето на употребната функција, чинот на изведување на оваа активност може да се окарактеризира како **реставрација**, **ревитализација** или пак **возобновување**.

Ако со третирањето на еден архитектонски објект (градба), се врати нејзината употребна функција и таа, по одредено време, стане функционален објект кој се ползува за одредени намени (на пример како верски објект, објект во служба на културата, хотел итн.), јасно е дека во тој случај е изведена негова **ревитализација**. Тука реставрацијата влегува како потточка на ревитализацијата, со што при враќањето на објектот во некоја од претходните фази, се враќа и неговата функционалност. При тоа секако се подразбира дека овој процес треба да биде изведен во согласност со принципите на автентичност, аргументирани според соодветна научна методологија.

Кај објектите со висок степен на оштетување каде при враќањето на функционалноста биле занемарени или заобиколени принципите на научно заснована автентичност, наместо терминот реставрација т.е. реконструкција, посоодветно е да се користи поколоквијалниот термин **возобновување**. Најдобар таков пример кај нас е секако храмот Св. Пантелејмон на „Плаошник“ во Охрид.

Но, каков предзнак би се добил кога би биле испочитувани посочените принципи? Ако при процесот на повторно воспоставување на загубените делови се употребат нови материјали соодветни на оние од кои објектот бил првично изграден. Ако при тоа се користат автентични технологии со кои тие некогаш биле градени. Ако при обновата на формата и функцијата во голем степен ќе се испочитуваат општите принципи на автентичноста. Се чини дека во тој случај, ќе се направи и реконструкција на објектот – како предуслов на неговата ревитализација.

Овие процеси не се својствени за движните споменици на културата кои со стекнувањето на својството музејски експонат во принцип ја губат функционалноста т.е. својата употребна вредност пришто нивниот облик и изглед во рамките на една музејска поставка се користи исклучиво како документ и евокатор на некоја друга култура, друго време и друг амбиент. Како исклучок можат да се наведат експонатите во музеите на современата доба, како на пример музеите на автомобили или други современи апарати. Компонентата на исправност т.е. функционалност кај нив е мошне препорачлива, што значи дека може да биде предмет на реставрација, т.е. реконструкција во име на ревитализацијата и покрај тоа што употребливоста на овие предмети ќе се цени повеќе во нејзината потенцијална отколку во реалната смисла.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**

- Вујаклија 1961. Милан Вујаклија, *Лексикон страних речи и израза,* Београд, 1961.

- Бранди 2007. **Чезаре** Бранди, *Теорија рестаурације*, Београд, 2007.

- Knežević 2015. Snješka Knežević, Baština, mi i svijet // *Radio HRT, 03.05.2015* <http://radio.hrt.hr/clanak/bastina-mi-i-svijet-3svibnja-2015/90910/> (23.03.2016)

- Пантић 2008. Јован Пантић, *Конзервација и рестаурација слика на платну,* Београд, 2008

- Фелден 2004. Бернард Фелден, *Вовед во конзервација на културното наследство*, Скопје, 2003/2004

Dušan PEJČEV, Nikos ČAUSIDIS

# RESTORETION OR RECONSTRUCTION –QUESTIONS AND DILEMAS ABOUT THE DESTINCTION OF THE TWO TERMS

*Summary*

The focus of this paper is the distinction of the terms restoration and reconstruction that define certain proceedings, treatments, which are interventions in the sphere of the protection of cultural inheritance. The aim is to open the issue and discussions, and gradually to absolve the question. Furthermore several directions are offered which might help in finding the difference between the two terms in use, and in the theoretic and practical area. As a point of departure we take the meaning of the Latin words that place the foundation of the scientific meaning of the terms: *reconstruo, reconstruere, reconstruction* and *restauro, restaurare, restauratio.* The present day situation and the difference and use of these terms was presented by the three authors: Cesare Brandi, Snješka Knežević and Jovan Pantić. Further on, several hypothesis situations are offered for a more illustrative depiction of several conditions that can allow a more essential access to the problem. Some of them are supplemented with concrete examples. In the second section, the authors of this paper present several questions, their dilemmas, and thoughts in regard to this issue. The first refers to: Whether if the determination of a process of reconstruction or restoration depends on the level of the damage of the object, and whether if certain intervention are made? As an answer to this is the possibility that the term of restoration refers to the smaller interventions, while the larger treatments refers to an object which are considerably disintegrated, and are to be categorized as a reconstruction. The second question is: Whether the determination of the process as reconstruction or restoration depends on the damage of the object, specifically of the element of the treatment that are completed. A thesis is proposed for the answer, namely is not possible to reconstruct something which had no construction. According to that, the term is adequate for objects that are made in a creative process dominated by a technique with a repeated treatment (for example architecture, boats or furniture), then those that are created with an expressive, unique manner (for example, drawings with black charcoal, or a painting in tempera, or oil colour). The third question refers to: Whether if the reconstruction can be defined as a restoration or construction? In the cases of paintings, the authors believe the term reconstruction would be more suitable for the ground of the painting, the gesso and canvas frame) rather than the painted work. The last question refers to the use and function of the object, namely: Whether if the determination of the treatment as reconstruction or restoration of the given object losses its basic function (whether it had it or not)? The authors' in attempt to find the answer to the question, evaluate the preconditions of the two terms with the revitalization of the object, to returning to its authenticity or some other function. The paper those not attempt to define the answer about the terms of restoration and reconstruction, but to postulate certain principles that might contribute to a gradual solving of this problem.